**ФОНДАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО**

**МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ Скопје**

**Финансиски извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2023 и**

**Извештај на независниот ревизор**

март 2024, Скопје

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

Бул. Јане Сандански бр. 111
1000 Скопје
Република Северна Македонија

До:

Раководството на

**ФОНДАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО**
**МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Фондацијата за медиуми и граѓанско општество МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ Скопје (во понатамошниот текст Фондацијата), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2023 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството на Фондацијата е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа прифатени во Република Северна Македонија и за интерната контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

Бул. Јане Сандански бр. 111
1000 Скопје
Република Северна Македонија

До:

Раководството на

**ФОНДАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ И ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО**
**МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, финансиските извештаи на Фондацијата за медиуми и граѓанско општество МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ Скопје ја прикажуваат реално и објективно, во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Фондацијата на ден 31 декември 2023, како и резултатите на нејзиното работење и промените во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа прифатени во Република Северна Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството на Фондацијата е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2023 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2023 година.

Скопје, 4 март 2024 година

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

Драган Димитров
Управител, Овластен ревизор

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2023**
**во илјади денари**

| | **Белешка** | **2023** | **2022** |
|---|---|---|---|
| Приходи од донации | 4 | 23.503 | 22.289 |
| Останати приходи | 5 | 13.499 | 13.775 |
| Приходи од финансирање | 6 | 22 | 33 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **37.024** | **36.097** |
| Оперативни расходи | 7 | (25.876) | (23.089) |
| Капитални расходи | 8 | (30) | (326) |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **(24.906)** | **(23.415)** |
| **Вишок на приходи над расходи** | | **11.118** | **12.682** |
| Данок | | - | - |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | | **11.118** | **12.682** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Фондацијата на ден 28 февруари 2024 година и се потпишани во негово име од страна на:

Извршен Директор
Билјана Петковска

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**за годината која завршува на 31 декември 2023**
**во илјади денари**

| | Белешки | 31 декември 2023 | 31 декември 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 9 | 462 | 645 |
| | | **462** | **645** |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од купувачи | 10 | 42 | 95 |
| Останати тековни средства и АВР | 11 | 3.306 | 2.327 |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 8.911 | 10.475 |
| | | **12.259** | **12.897** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **12.721** | **13.542** |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | | |
| **Деловен фонд** | | | |
| Деловен фонд | 13 | 462 | 645 |
| Вишок на приходи над расходи | | 11.118 | 12.682 |
| | | **11.580** | **13.327** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачите | 14 | 1.025 | 117 |
| Останати тековни обврски и ПВР | 15 | 116 | 98 |
| | | **1.141** | **215** |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ** | | **12.721** | **13.542** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД**
**за годината која завршува на 31 Декември 2023**
**во илјади денари**

| | Деловен фонд | Разлика меѓу приходи и расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2022** | **556** | **13.013** | **13.569** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (13.013) | (13.013) |
| Набавка на основни средства | 326 | - | 326 |
| Ревалоризација | 11 | - | 11 |
| Амортизација | (248) | - | (248) |
| Вишок на приходи над расходи | - | 12.682 | 12.682 |
| **Состојба на 31 декември 2022** | **645** | **12.682** | **13.327** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (12.682) | (12.682) |
| Набавка на основни средства | 30 | - | 30 |
| Ревалоризација | - | - | - |
| Амортизација | (213) | - | (213) |
| Вишок на приходи над расходи | - | 11.118 | 11.118 |
| **Состојба на 31 декември 2023** | **462** | **11.118** | **11.580** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.